Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 293/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.11.2023 година, врз основа на примена жалба од Кевин Дворак го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Народен глас со текстот насловен „ЗЛАТЕВ: ЗОШТО НИ Е ТОЛКУ ТЕШКО ДА СИ ПРИЗНАЕМЕ ДЕКА СМЕ НАЈБЛИСКИ НАРОДИ СО БУГАРИТЕ?!“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 4 ноември 2023 година, лицето Кевин Дворак поднесе жалба за текст со наслов „ЗЛАТЕВ: ЗОШТО НИ Е ТОЛКУ ТЕШКО ДА СИ ПРИЗНАЕМЕ ДЕКА СМЕ НАЈБЛИСКИ НАРОДИ СО БУГАРИТЕ?!“, објавен на 3 ноември 2023 на интернет порталот Народен глас (www.narodenglas.com).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по основ на говор на омраза.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот Народен глас и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не достави одговор за наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членот 10 од Кодексот, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 30 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за текст кој е извадок од цел подкаст кој исто така е составен дел од целата содржина. Во случајов Златев е дел од подкастот во улога на водител каде гостуваат Ивица Боцевски и Иван Мирчевски и разговараат на различни општествени теми.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595